ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 1103-181/10**

**Дата: 19.08.2009**

**До**

**АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ТРАНСПОРТ „МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ ТРАНСПОРТ А.Д.“- СКОПЈЕ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Акционерското друштво за транспорт „Македонски железници Транспорт А.Д.“- Скопје (во понатамошниот текст акционерско друштво) за 2008 година, кои се прикажани на страните од 19 до 22.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија и не е издаден извештај за финансиските извештаи на акционерското друштво за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Благоја Крстевски – генерален директор и претседател на Управен одбор од 01.08.2007 година

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 18 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена од страна на ревизорски тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 02.03.2009 до 01.07.2009 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 е да овозможи ревизорот да го изрази мислењето:

   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија, со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршење на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. Од страна на законскиот застапник на акционерското друштво, добиени се забелешки на точките 10.3.3.; 10.5.1.; 10.5.2.; 10.5.3. и 10.5.4. од Претходниот извештај, заведени под број 1104-181/9 од 07.08.2009 година, истите овластениот државен ревизор ги разгледа и не ги прифати. Во точката 10.3.3. се врши обелоденување на превземените мерки од страна на субјектот по утврдените состојби и дадените препораки од овластениот државен ревизор.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2008 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

### 11.1. Систем на интерни контроли во процесите

***Стратегија за управување со ризици***

11.1.1. Надлежните органи за раководење и управување со акционерското друштво во 2008 година не превземале активности за утврдување, проценка и контрола на настани и состојби кои може да имаат влијание врз остварување на целите на претпријатието односно обезбедување сигурност дека целите ќе се постигнат, што не е во согласност со одредбите на Правилникот за основните елементи на финансискиот менаџмент и контрола и стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор. Непревземањето на наведените активности предизвикува отсуство/немање на стратегија за управување со ризиците, отсуство на активности за превенција и минимизирање на ризикот од неисполнување на целите.

**Препорака:**

Надлежните органи за раководење и управување со акционерското друштво да превземат активности за утврдување, проценка и контрола на можните настани и состојби кои може да имаат влијание врз остварување на целите на друштвото/изготвување на стратегија за управување со ризиците и нејзино континуирано ажурирање.

***Процес на јавни набавки***

11.1.2. При оценка на системот на интерни контроли на процесот на јавни набавки и следење на нивната реализација, констатирано е дека не се воспоставени соодветни контролни системи и постапки (ex-ante и ex-post финансиска контрола), што не е во согласност со одредбите на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола. Отсуството на наведените контроли предизвикале да се појават следниве состојби:

- Во Планот за поделба не е извршена поделба на постапките за јавни набавки и на склучените договори за јавни набавки со поодделни добавувачи кои произлегуваат од спроведените постапки за јавни набавки;
- Постапките за јавни набавки кои се спроведени во текот на 2007 година, а се реализираат во 2008 година се спроведени и реализирани без Финансиски план и без Годишен план за јавни набавки за 2007 година;
- Годишниот план за јавни набавки за 2008 година како посебен акт не е усвоен од страна на Управниот одбор и истиот не е архивиран и потпишан од страна на овластеното лице и
- По спроведувањето на секоја постапка пооделно со барање за прибирање на понуди без објавување на оглас, друштвото како договорен орган не донесува одлука за избор на најповолен понудувач и има воспоставено пракса на несклучување договори за јавни набавки со избраните понудувачи, што не е во согласност со одредбите на Законот за јавни набавки и Законот за трговски друштва.

Ваквата состојба предизвикува создавање на нееднаков третман и дискриминаторска положба на економските оператори, немање на фер конкуренција, јавност и транспарентност при набавките.

**Препорака:**

Надлежните органи за управување и раководење на друштвото да пристапат кон пропишување, донесување и имплеменитање на контролни постапки во наведениот процес.

## 11.2. Неправилна примена на акти

11.2.1. Со извршениот увид во актите и начинот на реализација на Планот за поделба на капиталот, средствата, правата, обврските и вработените на ЈП „Македонски железници“ Ц.О. - Скопје, Одлуката за основање на Акционерско друштво за Транспорт Македонски Железници Транспорт АД - Скопје и проценката извршена од овластен проценител, ревизијата ги утврди следните состојби:

- планот на поделба целосно не ги содржи сите потребни пропишани прилози наведени во Законот за трговски друштва и тоа: начинот на кој што ќе се изврши преносот на имотот, детален опис на распределбата на имотот, правата и обврските, условите под коишто на вработените ќе им продолжи работниот однос во новоосновани друштва/список на вработените;
- не е презентиран аналитички биланс на ЈП Македонски Железници Скопје од каде би произлегле поодделните делбени биланси за правните следбеници на јавното претпријатие, а за делбениот бруто биланс – Транспорт во кој се содржани податоците искажани по книговодствена и проценета вредност и разликите утврдени и искажани со состојба на 31.12.2006 година,

не е презентиран акт за негова верификација од страна на надлежните органи;
- акционерското друштво отпочнува со работа на 08.08.2007 година и покрај тоа што соглсно одредбите на Планот за поделба овие активности треба да започнат од 01.01.2007 година,
- при споредба на износите за вкупна актива/пасива со состојба 31.12.2006 година, искажани во делбениот бруто биланс–Транспорт и истите во план за поделба за транспорт, утврдени се разлики помеѓу искажаните состојби во трговските книги и проценетата состојба на истите;
- во делот на планот за поделба кој се однесува на транспорт и во делбениот бруто биланс–Транспорт со состојба на 31.12.2006 година е искажана разлика помеѓу активата и пасивата односно создадена е биласна нерамнотежа (помала актива во однос на пасива) за износ од 6.329.557 илјади денари која се пренесува кај двата нови субјекти, и истата се појавува во финансиските извештаи за 2007 и 2008 година;
- почетните состојби искажани во трговските книги се темелат на износи утврдени врз основа на извршената проценка (сторнирана цела класа 0 – побарувања за запишан а не уплатен капитал и постојани средства и евиденција на износите по проценка) и математичко пресметување/прилагодување на податоците помеѓу искажаните вредности во трговските книги и извршената проценка за преостанатите класи.

Ваквата состојба не е во согласност со одредбите од Планот на поделба и Законот за трговски друштва. Утврдените состојби имаат за ефект неможност од потврдување на реалноста и објективноста на почетни состојби искажани во билансот на состојба, намалување на квалитетот на финансиските извештаи и податоците кои ги даваат истите.

Акционерското друштво за надминување на настанатата состојба и усогласување на билансната нерамнотежа пристапило кон ангажирање на овластен ревизор кој има издадено ревизорски извештај за посебни цели во кој се понудени две можни решенија. Со писмо број 533/1 од 09.07.2009 година, истите се доставени до Владата на Република Македонија на понатамошно одлучување.

**Препорака:**

Надлежните органи за управување и раководење со акционерското друштво по добивањето на соодветниот акт од сопственикот на друштвото за начинот на отстранување на дебалансот односно утврдување на книговодствен третман на истиот да превземат мерки и активности за спроведување на потребните промени во трговските книги.

11.2.2. Надлежните органи за управување со друштвото не превземале активности за поднесување барање до надлежниот орган за обезбедување дозвола за јавен превоз и решение за безбедност што не е во согласност со одредбите од Законот за железници. Ваквата состојба влијае друштвото да ја извршува основната дејност (јавен превоз за патници и стока) без поседување дозвола за јавен превоз и решение за безбедност со што се создава ризик друштвото да не ги исполнува потребните услови за добивање дозвола за јавен превоз и намалување на безбедноста во извршувањето на јавниот превоз.

Надлежните органи за управување со друштвото на ден 10.03.2009 година ги поднесуваат потребните барања до надлежниот орган а на ден 27.05.2009 година друштвото се здобива со дозвола за јавен превоз.

На ревизијата од страна на друштвото не е презентиран акт дека „друштвото финансиски е способно односно своите сегашни и идни обврски под нормални услови на работење да може да ги исполнува во период од 12 месеци, што се докажува со документ за економската и финансиската способност издаден од Централниот регистар на РМ“ и „да е осигуран во осигурително друштво и да приложи писмен доказ дека е способно да ја надомести евентуалната штета настаната по однос на одговорност во вршењето на дејноста, да може да гарантира покривање на штета во случај на несреќа во однос на патниците, багажот, товарот, поштенските пратки, трети лица и околина“ во согласност со Законот за железници.

**Препорака:**

Надлежните органи за управување на акционерското друштво во соработка со ресорното министерство и Владата на Република Македонија да предложат мерки за надминување на утврдените состојби.

11.2.3. Во текот на 2008 година, искажани се трошоци по основ на надомест за користење на железничка инфраструктура во износ од 689.445 илјади денари. Овој надомест го пресметува акционерското друштво врз основа на месечна пресметка за остварени приходи од меѓународен и внатрешен товарен и патнички сообраќај. Висината и начинот на наплата на надоместокот е определен со склучен договор на 12.09.2007 година кој изнесува 50% поеднично за двата субјекта и склучен договор на ден 19.09.2008 со кој начинот на распределба на приходите е определен на 40 % за ЈП за Железничка Инфраструктура МЖ Скопје и 60% за акционерското друштво, според вкупно остварените приходи од внатрешен и меѓународен патнички и товарен сообраќај.

На ревизијата не и се презентирани уредни, веродостојни и пишани критериуми за начинот на надоместување на трошоците односно плаќање на надоместокот за користење на железничката инфраструктура. Ваквата состојба не е во согласност со одредбите на Законот за железниците и воспоставените стандарди на меѓународно ниво за користење на железничката инфраструктура и влијае на рентабилноста и економичноста на работењето на друштвото.

**Препорака:**

Надлежните органи за управување и раководење со акционерското друштвото да иницираат и укажат на потребата, надлежните органи на ЈП за железничка инфраструктура МЖ Скопје да пристапат кон утврдување на висината на надоместокот за користење на железничката инфраструктура, врз основа на остварените километри на возот, составот на возот, масата и брзината на возот, осното оптоварување, времето на користење на инфраструктурата и други посебни барања, истата да ја достават до ресорното министерство и да обезбедат согласност од Владата на Република Македонија.

11.2.4. Согласно Планот за поделба, на акционерското друштво му се пренесуваат обврски на име неплатени даноци и придонеси од плати во износ од 160.614 илјади денари кои се однесуваат за периодот 1997 – 1998 година и мај, јуни, јули 2002 година односно:

- персонален данок на доход во износ од 89.766 илјади денари;
- придонес за пензиско и инвалидско осигурување во износ од 59.094 илјади денари;
- придонес за пензиско и инвалидско осигурување / бенефициран стаж во износ од 5.827 илјади денари и
- придонес за вработување во износ од 5.927 илјади денари.

Во трговските книги со состојба на известувачки период (31.12.2008 година), Акционерското друштво искажува вкупни обврски за погоренаведените даноци и придонеси во износ од 59.537 илјади денари (прилог број 1).

По барање на Државниот завод за ревизија, Управата за јавни приходи достави известување, од кое може да се констатира дека на акционерското друштво врз основа на решение број 20-575/3 од 26.05.2009 година, извршено е отпишување на обврска за персонален данок на доход за период 1997/1998 година во износ од 24.356 илјади денари, поради настаната застареност и извршен е отпис на камата во износ од 41.101 илјада денари согласно Законот за отпишување на камати на доспеани обврски по основ на даноци и придонеси за задолжително социјално осигурување. На ревизијата освен Извадокот од Нацрт-записникот од Осумдесет и шестата седница на Владата на Р.М. со кој се констатира дека „неплатените даноци и придонеси остануваат обврска на АД МЖ Транспорт“ не и се презентирани податоци за причините зошто надлежните органи при изготвување на планот на поделба и донесувањето на Одлука за основање на Акционерско друштво за транспорт Македонски Железници Транспорт АД – Скопје, наведените обврски не се трансформирани во траен влог на државата односно фондот/агенцијата.

Ненавременото подмирување на даноците и придонесите од плати не е во согласност со одредбите на Законот за персоналниот данок на доход, Законот за пензиско и инвалидско осигурување, Законот за вработување и Законот за даночна постапка. Ваквата состојба предизвикува потценување на приходите на Буџетот на Република Македонија (Централен Буџет, Буџет на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и Буџет на Агенцијата за вработување) за годините за кои субјектот имал обврска да ги уплати даноците и придонесите, зголемување на трошоците на Акционерското друштво за камати за ненавремено плаќање на наведените обврски и нецелосно искажување на обврските во делот на пресметаните камати и споредни давачки.

До денот на ревизијата од неплатените даноци и придонеси подмирени се 53.179 илјади денари.

**Препорака:**

Надлежните органи за управување со Акционерското друштво да ги превземат потребните активности за потврдување на висината на неплатените обврски на име придонес за вработување, да ја утврдат старосната структура и поднесат барање до Управата за јавни приходи за отпишување на обврските за кои настапила застареност на наплатата на даночниот долг.

Надлежниот орган за управување со Акционерското друштво да донесе соодветен акт за постапување по горенаведеното решение и да ги задолжи

вработените за водење на трговските книги, да извршат спроведување на наведеното решение.

11.2.5. Акционерското друштво не превземало активности за изработка на Акт за внатрешна организација и систематизација, Колективен договор за уредување на правата и обврските на договорните страни (Акционерското друштво и Синдикатот) и Акт за утврдување на платите, надоместоци на плати и надоместување на трошоците поврзани со работа што не е во согласност со одредбите на Законот за работни односи и Статутот на Друштвото. Применувањето на акти кои потекнуваат од поранешното Јавно Претпријатие, кои во исто време не се усогласени со законските и подзаконските акти и отсуството на акти кои содржат податоци за организационата поставеност на акционерското друштво (дирекција/подружница) и соодветните организациони делови неопходни за извршување на дејностите, потребниот број извршители, пропишаната школска подготовка и стручна спрема, работно искуство за секој вработен/работно место, опис и попис на работните задачи, влијаат односно создаваат услови за несоодветна организациона поставеност на работењето, ангажирање/вработување на лица со несоодветна стручна подготовка и школска спрема/работно искуство, субјективен пристап при определување и пополнување на работните места и утврдување на платите на вработените.

На ревизијата и е презентирана работна верзија на Колективен договор на акционерското друштво, со кој ќе се уредат правата и обврските помеѓу вработените и акционерското друштво.

**Препорака:**

Надлежните органи на Друштвото да продолжат со превземените активности за изработка на наведените акти и пристапат кон уредување на меѓусебните права и обврски со вработените по пат на склучување на договори за вработување и утврдување на бруто платата.

11.2.6. Во текот на 2008 година склучени се договори за уредување на односите меѓу друштвото и претседателот, заменикот и останатите членови на управниот одбор со кои за секој потписник на договор е предвидена обврска да доставува квартални извештаи до Надзорниот одбор и до ресорното Министерство, која обврска до денот на ревизијата не е реализирана од страна на потписниците. Надлежните органи за управување со друштвото (генералниот директор и неговиот заменик како и од страна на директорите: за влеча и одржување на возните средства; за економски и финансиски работи; за товарен сообраќај; за правни работи, човечки ресурси и корпоративни функции; за патнички сообраќај и за товарен сообраќај) укажаа дека не пристапиле кон изготвување на поодделни квартални извештаи поради тоа што редовно се изготвувани потребните извештаи (квартални и годишен извештај) и истите се доставувани до надлежните органи. Ваквата состојба предизвикува отсуство на податоци за работењето на секој од наведените организациони делови како основ за донесување на соодветни одлуки и вршење надзор врз одделните дејности на друштвото од страна на надлежните органи.

**Препорака:**

Надлежните органи за раководење и управување (потписниците на менаџерските договори) да обезбедат редовно и навремено изготвување и доставување на пропишаните извештаи до надлежните органи.

11.2.7. Акционерското друштво во трговските книги со состојба 01.01.2008 година искажало вкупна пренесена загуба во износ од 302.142 илјади денари во која е содржан износ од 154.510 илјади денари а потекнува од периодот 01.01. до 08.08.2007 година и за истата не се презентирани уредни сметководствени документи. Управниот одбор на акционерското друштво на ден 31.03.2008 година донел одлука за покривање на загубата за периодот од 09.08. до 31.12.2007 година во износ од 147.632 илјади денари и предлага истата да се покрие со отпис на побарувањата од доверителите: Унгарски железници, долг 1991-1995 година и од странски железници, долг 1996-2006 година. Ваквата одлука не е во согласност со одредбите на Законот за изменување и дополнување на Законот за трговски друштва. За известувачкиот период друштвото искажува загуба во износ од 550.312 илјади денари а на ревизијата не е презентиран соодветен акт донесен од надлежните органи за начинот на покривање на истата, влијае на работењето на акционерското друштво и мерките кои треба да бидат превземени за остварување на позитивни финансиски резултати.

**Препорака:**

Надлежните органи на друштвото по извршеното усогласување на билансната рамнотежа на финансиските извештаи да пристапат кон донесување на одлука за начинот на покривање на искажаните загуби од работењето и ги утврдат потребните мерки за надминување на утврдената состојба.

11.2.8. Акционерското друштво во трговските книги со состојба на 31.12.2008 година искажало обврски кон Министерството за финансии во вкупен износ од 1.046.294 илјади денари односно министерството за наведениот износ има побарувања од друштвото за плаќања извршени од страна на Република Македонија за сметка на друштвото по основ на користени кредити по проекти од Меѓународната банка за обнова и развој и по обврски кон странски железници кои до денот на ревизијата не се платени. За потврдување на искажаните обврски ревизијата обезбеди известување од Министерството за финансии, со кој се потврдува наведениот износ и воедно се наведуваат правата кои ги има Министерството за наплата на наведените побарувања и укажувања дека дел од наведените побарувања се трансферирани во траен влог во акционерското друштво. Отсуството на превземените мерки и активности за наплата на побарувањата на Министерството за финансии влијае на одлевање на средства од Буџетот на Република Македонија и обезбедување на дополнителни средства за финансирање на редовните активности на Буџетот на Република Македонија.

**Препорака:**

Надлежните органи за раководење и управување со акционерското друштво во соработка со надлежните органи и Министерството за финансии да пристапат кон уредување на начинот на подмирување на доспеаните обврски.

11.2.9. Акционерското друштво во трговските книги со состојба 31.12.2008 година на сметката останати краткорочни обврски по основ на заеми и кредити искажало износ од 3.449.631 илјади денари (главница од

1.884.912 илјади денари, камати од 596.260 илјади денари, трошоци и провизии од 42.490 илјади денари и затезни камати од 925.969 илјади денари) по основ на користени кредити од Еурофима, Парискиот клуб на доверители и обврски кон странски железнички претпријатија од претходни години. Наведените обврски се платени од страна на Република Македонија и за истите не се презентирани соодветни акти за начинот на враќање на државата. Ваквиот начин на практикување на подмирување на обврските на јавното претпријатие/акционерското друштво влијае на одлевање на средства од Буџетот на Република Македонија и обезбедување на дополнителни средства за финансирање на редовните активности на Буџетот на Република Македонија.

На ден 19.02.2009 година Владата на Република Македонија донела одлука за решавање на статусот на долговите на ЈП МЖ „Инфраструктура“ - Скопје и АД МЖ „Транспорт“ - Скопје при што: „вкупните доспеани обврски на АД МЖ „Транспорт“ - Скопје во износ од 3.109.392 илјади денари се конвертираат во влог на Владата на Република Македонија во АД МЖ „Транспорт“ - Скопје“; обврските кон странските железнички претпријатија во износ од 49.063.832,32 ЕУР, делумно (во износ од 35.889.915,00 ЕУР се конвертираат во влог на Владата на Република Македонија во акционерското друштво а обврските во износ од 13.174.682,32 ЕУР останувaат како обврска на акционерското друштво.

**Препорака:**

Надлежните органи за управување и раководење со акционерското друштво во соработка со Министерството за финансии и надлежните органи превземат мерки за реализирање на наведената одлука и го уредат начинот на подмирување на преостанатите обврски.

11.2.10. Акцинерското друштво во трговските книги со состојба 31.12.2008 година во дел од сметката аванси за материјални средства искажало износ од 63.055 илјади денари кои се однесуваат за:

- исплатен аванс на меѓународен правен субјект од 59.125 илјади денари односно 965 илјади евра – што претставува 30% од вкупната вредност на склучениот договор од 19.03.2008 година односно во износ од 3.217 илјади евра, со можност од вклучување на потенцијални дополнителни работи. Средствата се исплатени за модернизација и тиристоризација на две електрични локомотиви. Согласно одредбите од договорот во висина на исплатениот аванс изведувачот издал гаранција со важност до 19.03.2009 година и се обврзал на рок на испорака од девет месеци односно до месец Декември 2008 година кој рок не е испочитуван од страна на изведувачот. На ревизијата и е презентиран допис од меѓународниот правен субјект кој го известува правниот субјект изведувач на работните активности дека не може да му обезбеди пристап на железничката инфраструктура за да се изврши пробно возење.

  На ревизијата е презентиран документ „царинска декларација“ од кој може да се констатира дека наведените локомотиви на ден 14.07.2009 година се пристигнати во Република Македонија. Акционерското друштво до денот на ревизијата нема превземено мерки за: продолжување на банкарската гаранција, пресметување

на пенали за доцнење во испораката (до максимум 5% од пооделната вредност на локомотива со која се доцни во испораката);

- износ од 3.930 илјади денари за исплатени аванси на два правни субјекти во странство од претходни години за кои не се презентирани уредни и веродостојни акти за основот на евиденцијата на истите заради што не може да се потврди реалноста и објективноста на искажаните износи.

Наведените состојби предизвикуваат можност од нанесување материјална штета на акционерското друштво и неможност од потврдување на исплатените средства.

**Препорака:**

Надлежните органи за управување и раководење со акционерското друштво да ги превземат потребните активности за дорегулирање на односите со изведувачот, да извршат пресметување на казнени пенали за доцнењето на извршените работи и да ја испитаат законитоста на исплатениот аванс, да ги обезбедат потребни веродостојни документи и да ги превземат потребните мерки за расчистување на утврдената состојба.

11.2.11. Потпишан е Протокол помеѓу акционерското друштво и меѓународен правен субјект, за користење на „апликација за електронско издавање на меѓународни возни билети“ во период на користење од шест месеци до една година, кој протокол е прифатен од Управниот одбор со одлука од 07.10.2008 година. Владата на Република Македонија на ден 12.09.2008 година донела заклучоци со кои се задолжува Управниот одбор на акционерското друштво да донесе одлука за прифаќање на понудата дадена од меѓународниот правен субјект за започнување на реализацијата на проектот за електронско издавање на возни билети во меѓународен железнички патнички сообраќај, како времено решение за период не повеќе од една година и го задолжила ресорното министерство да превземе соодветни активности за реализација на наведената активност. Акционерското друштво пристапило кон пробно користење на наведената апликација но на ревизијата не се презентирани веродостојни документи за: цената на чинење на наведениот софтвер/апликација; примопредавање на наведената апликација; датум на отпочнување со примена; преалокација/обезбедување на потребните средства и склучен договор за регулирање на односите со меѓународниот правен субјект. Со ова друштвото изврши ограничување на делокругот на ревизијата што не е во согласност со Законот за државна ревизија.

На ден 11.02.2009 година меѓународниот правен субјект доставува писмено укажување за неопходноста од превземање неопходни активности за ставање во фукнкција на наведената апликација и нејзино тестирање, но до денот на ревизијата не се презентирани веродостојни акти дека потребните активности се спроведени.

**Препорака:**

Надлежните органи за управување и раководење со друштвото да превземат активности за уредување на односите со меѓународниот правен субјект отстапувач на апликативниот софтвер.

Надлежните органи за управување и раководење со акционерското друштво, да ги превземат потребните активности за создавање неопходни услови за тестирање на наведениот апликативен софтвер и да ги утврдат наредните активности за набавка на потребниот софтвер.

### 11.3. **Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

11.3.1. Акцинерското друштво воспоставило пракса да склучува договори со домашни и странски корисници на превоз за утврдување на комерцијалните услови на превозот и регулирање на начинот на плаќање на превозните трошоци, со кои се одобруваат комерцијални повластици (повластени цени за превоз) за пругите на Македонски железници врз основа на превезените количини и плаќање во точно определен рок. Не се превземени активности за пропишување, донесување и имплементирање на политики за критериуми како основ за одлучување со кои корисници ќе се склучи договор, а со кои не, определување на основните и специфичните елементи (клаузули) кои треба да ги содржи секој договор, определување на временскиот период во кој мора да се превезе минималната количина која е услов за добивање на повластена цена (месечно, полугодишно или годишно ниво), задолжителен рок за плаќање на сите трошоци за превоз, определување на минималниот/максималниот износ на депозит како гаранција за давателот на услугата, начин на следење на одредбите од договорот/исполнување на условите од договорот и друго. Ваквата состојба не е во согласност со Законот за трговски друштва и Законот за облигациони односи и влијае на создавање на подеднакви услови на користење на услугите на акционерското друштво.

**Препорака:**

Надлежните органи за управување и раководење со акционерското друштво да пристапат кон пропишување, донесување и имплементирање на соодветни политики за условите и критериумите за доделување на комерцијалните повластици.

11.3.2. Не се превземени активности за пропишување, донесување и имплементирање на политики за начинот на признавање односно искажување на пресметаните камати за ненавремено платените даноци и придонеси, што не е во согласност со Правилникот за водење на сметководството (МСС) и Законот за трговски друштва. Заклучно со известувачкиот период (31.12.2008 година) друштвото нема евидентирано обврска за пресметани камати и тоа на име персонален данок на доход камата во износ од 168.510 илјади денари, а на име придонес за задолжително пензиско и инвалидско осигурување камата во износ од 27.507 илјади денари. Ваквата состојба влијае на: веродостојноста на искажаните податоци во трговските книги; искажаниот финансиски резултат за соодветниот известувачки период; квалитетот на финансиските извештаи и информациите кои ги даваат истите.

**Препорака:**

Надлежните органи за управување и раководење на претпријатието да превземат активности за донесување политики и да обезбедат нивна

имплементација за начинот на признавање односно искажување на пресметаните камати за ненавремено платените даноци и придонеси.

11.3.3. Во трговските книги, акционерското друштво во известувачкиот период на аналитичката сметка потрошена нафта за локомотиви искажува трошоци во износ од 217.805 илјади денари. За потврдување на реалноста и објективноста на искажаните трошоци ревизијата изврши споредба на потрошувачката по локомотиви, по издатници од материјалната евиденција со месечните извештаи за потрошувачката на нафтени деривати (софтверска апликација за следење на потрошувачката по локомотиви која се води по локомотивски листови-машинска статистика), по земен примерок за месец 01/2008 година при што утврдена е разлика во наведените евиденции. Ваквата состојба укажува дека не се приложени сите издатници за точено гориво до соодветната служба за следење на потрошувачката и влијае на: неможноста од добивање точни податоци; потврдување и следење на потрошувачката на гориво по локомотиви; потврдување на реалноста на искажаните трошоци и создава можност за злоупотреба на нафтените деривати за лични потреби. Утврдената состојба не е во согласност со интерниот акт и Наредба 2 од 26.12.2007 година.

Во годината предмет на ревизија настанати се 5 кражби/обиди за гориво за износ од 2.440 литри нафтени деривати (според записници на одделението за внатрешна контрола) и констатиран е кусок од 10.734 литри нафта врз основа на извршен вонреден попис на ден 23.04.2008 година.

На ден 16.07. 2009 година, генералниот директор достави известување до Државниот завод за ревизија со кои ги објаснува причините за утврдените разлики и мерките кои ќе бидат превземени за отстранување на утврдените состојби.

На ден 07.08.2009 година, генералниот директор достави забелешки (коментар) на утврдените состојби од страна на ревизијата содржани во оваа точка, при што законскиот застапник ги презентира превземените мерки за надминување на утврдените состојби, вклучувајќи: видео надзор, поставување на решетки и изречени дисциплински мерки.

**Препораки:**

Надлежните органи за управување со друштвото да превземат активности за пропишување, донесување и соодветна примена на политики за начинот на одобрување на точење на гориво, следење на потрошувачката на гориво на локомотивите, вградување на соодветни безбедносни механизми (бројчани броила) на резервоарите на локомотивите, поставување на средства за визуелен надзор на локациите каде се извршени најголем број од кражбите.

Надлежните органи за управување со друштвото да продолжат со превземените мерки за утврдување на фактичката состојба на потрошувачката на нафтените деривати; да ја утврдат причината за недостигот на констатираниот кусок на нафта и предложат мерки против сторителите.

11.3.4. На име потрошена електрична енергија за влеча на возови (електрична енергија за локомотиви која се дистрибуира преку преносни системи кои се во сопственост на ЈП за железничка инфраструктура „Македонски железници“ - Скопје) искажани се трошоци во износ од 112.792 илјади денари, за кои на ревизијата не и е презентиран договор склучен помеѓу акционерското друштво и МЕПСО АД Скопје,

односно АД ЕЛЕМ и негово одобрување од регулаторната комисија за енергетика, што претставува основ за утврдување на цената на потврдување на искажаните трошоци. Ваквата состојба не е во согласност со одредбите од Законот за облигациони односи и Законот за енергетика и има влијание на реалното искажување на трошоците и остварениот финансиски резултат на друштвото.
Генерлниот директор на 24.12.2007 година доставил барање до Генералниот секретар на Владата на Република Македонија за изземање од обврската за директна набавка на електрична енергија на акционерското друштво, но до денот на ревизијата не е добиен повратен одговор.

**Препораки:**

Надлежните органи за управување со друштвото да пристапат кон склучување договор со акционерското друштво (ЕЛЕМ) за уредување на правата и обврските за користење на електрична енергија.

Надлежните органи за управување со друштвото да пристапат кон склучување договор со кој ќе го уредат начинот на користење на преносните системи, сопственост на јавното претпријатие.

11.4. **Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојба**

11.4.1. Според Статутот на акционерското друштво (од 08.05.2007 година), решението за упис на друштвото во Централниот регистар на Република Македонија (од 09.08.2007 година) и Одлуката за основање на Ационерско друштво за транспорт Македонски железници Транспорт АД - Скопје, основната главнина на друштвото е имотот на друштвото во износ од 4.268.888 илјади денари односно 69.782 604 ЕУР обични акции кои ги поседува основачот/акционерот - Владата на Република Македонија утврдени со проценка од независен проценител со состојба 31.12.2006 година. До денот на ревизијата надлежните органи во друштвото не превземале мерки и активности за запишување на основната главнина во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје односно според известувањето од ден 08.06.2009 година од Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје заклучно со 02.06.2009 година друштвото не е евидентирано во Регистарот на акционерски друштва/не ја доставило својата акционерска книга во Депозитарот, што не е во согласност со Законот за хартии од вредност и Законот за трговски друштва. Ваквата состојба влијае на ограничување на правата на основачот и можноста за тргување со акциите.

**Препорака:**

Надлежните органи за управување и раководење со акционерското друштво по обезбедување на повратните информации за начинот на покривање на дебалансот на финансиските извештаи да изврши доставување на акционерската книга до надлежниот депозитар и изврши соодветно евидентирање.

11.4.2. Искажаните податоци во трговските книги на акционерското друштво кои се однесуваат на капиталот и резервите со состојба 01.01.2008 година не се темелат на уредени и веродостојни акти односно оневозможено е нивното потврдување и тоа на:

- акционерски капитал - обични акции во износ од 1.117.619 илјади денари,
- државен јавен капитал во износ од 553.398 илјади денари,
- останат капитал во износ од 77.850 илјади денари,
- ревалоризациона резерва во износ од 2.782.061 илјада денари;
- законски резерви во износ од 9.611 илјади денари.

Непрезентирањето соодветни уредни и веродостојни акти како основа за искажување во трговските книги не е во согласност со Законот за трговски друштва и МСС што влијае на квалитетот и веродостојноста на финансиските извештаи.
Наведената состојба ќе се надмине со усвојување на соодветна алтернатива од страна на надлежните органи понудена во Ревизорскиот извештај изработен од овластен ревизор.

11.4.3. Во трговските книги, со состојба 31.12.2008 година на Акционерското друштво, на позицијата даноци од плати, искажана е почетна состојба во износ од 10.607 илјади денари за кои не се презентирани уредни и веродостојни документи за основот на искажување на наведните обврски “даноци од плати“ што не е во согласност со одредбите на Законот за трговски друштва и Правилникот за водење на сметководството (МСС). Искажувањето на обврски наследени од јавното претпријатие без притоа да се обезбедат уредни и веродостојни документи за потврдување на искажаните промени во трговските книги влијае на реалноста и објективноста на финансиските извештаи и на квалитетот на информациите кои ги даваат тие.

**Препорака:**

Надлежните органи за управување и раководење со Акционерското друштво да превземат активности за утврдување на фактичката состојба, обезбедување на уредни и веродостојни документи и предложат мерки за надминување на утврдената состојба.

11.4.4. При оценка на начинот на усогласеност на податоците во трговските книги, годишната сметка и финансиските извештаи констатирани се разлики во евидентираните податоци во трговските книги и искажаните податоци во годишната сметка и тоа:

- за износ од 96.597 илјади денари е искажана помала вкупна актива, односно поголема вкупна пасива како разлика помеѓу податоците искажани во трговските книги и годишната сметка/финансиските извештаи за 2007 и 2008 година, и истата произлегува од математичко усогласување со проценката на побарувањата/обврските во делот на помал износ на искажана исправка на вредност на побарувања од купувачи во земјата и побарувања од поврзани субјекти;
- во трговските книги за 2007 година е искажан износ од 1.117.619 илјади денари (со негативен предзнак) на сметката акционерски капитал, износ од 553.399 илјади денари на сметката државен-јавен капитал и износ од 77.849 илјади денари на сметката останат капитал и со нивно математичко собирање/анулирање е

искажан износ од 486.371 илјади денари во билансот на состојба во делот на запишан капитал, односно во 2008 година е во вкупен износ 484.351 илјада денари;

- за износ од 1.175 илјади денари со состојба 01.01.2008 година постои разлика помеѓу износите во трговските книги и во билансот на состојба во делот на материјални средства/алат погонски и канцелариски инвентар мебел и транспортни средства;

Горенаведеното укажува на отсуство на контролни активности за мегусебно усогласување на податоците и тоа во делот на постојаните средства, побарувањата/обврските и капиталот што не е во согласност со Законот за трговски друштва, Правилникот за водење на сметководството и воспоставената/вообичаена сметководствена пракса и влијае на квалитетот на финансиските извештаи и информациите кои ги даваат истите.

**Препорака:**

Надлежните органи за управување и раководење на акционерското друштво да превземат мерки за усогласување на податоците искажани во трговските книги со истите во финансиските извештаи.

11.5. **Ненаменско и незаконско користење на средствата**

11.5.1. Акционерското друштво пристапило кон спроведување на повеќе постапки за јавни набавки за кои дел од постапките се водени во јавното претпријатие пред настанување на статусната промена а дел од постапките се водени во текот на 2008 година. Со извршениот увид во начинот на водењето на постапките констатирани се одредени недоследности за дел од извршените набавки односно во извршените набавки во вкупен износ од 287.845 илјади денари констатирано е непочитување на одредбите на Законот за јавни набавки и тоа за постапки кои се спроведени во јавното претпријатие, набавки во износ од 279.092 илјади денари и за постапки кои се спроведени од акционерското друштво набавки во износ од 8.753 илјади денари. Непочитувањето на Законот за јавни набавки предизвикува создавање можности за нееднаква, нерамноправна положба на понудувачите транспаретност и јавност во набавките и можност од злоупотреба на средствата (Прилог број 4).

**Препорака:**

Надлежните органи за раководење и управување со акционерското друштво да ги превземат неопходните активности за пропишување на политики за континуирано едуцирање на вработените/лицата за подготвување и спроведување на постапките за доделување на договори за јавни набавки, вклучувајќи ја и реализацијата на договорите за јавни набавки.

11.5.2. По барање на Акционерското друштво, Министерството за Финансии во извествувачкиот период доставува повеќе известувања (прилог број 2) за обезбедени средства во “Буџетот на Македонски Железници - Транспорт А.Д.“- Скопје односно согласности за вработувања на одреден период (3; 3,5; 4; 5; 8; 9 и 12 месеци). Според податоците кои се презентирани на ревизијата наведени во прилог број 3, бројот на вработени од месец до месец варира при што на определено работно време минималниот/максималниот број на вработени изнесува 60 -168

и 7 лица на неопределено работно време чие вработување претставува потполнување на слободни работни места, за извршен одлив на вработени во претходниот период по разни основи. Ваквата состојба не е во согласност со одредбите на Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија, поради тоа што Акционерското друштво во финансиските извештаи за 2007 година искажува загуба во износ од 147.632 илјади денари.

Не водењето грижа за законитоста на издадените известувања / согласности за обезбедени финансиски средства односно правото на вработување во Акционерското друштво од страна на Министерството за Финансии предизвикува незаконско постапување на самото Акционерско друштво и можности од несоодветно искористување на работната сила.

Ревизијата истакнува дека ваквата пракса продолжува и во текот на 2009 година за што добиена е согласност за вработување на 160 лица за период од 01.01.-31.12. 2009 година.

**Препорака:**

Министерството за Финансии потребно е да ја преиспита одредбата во Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија во делот на вработување на јавните претпријатија, агенции, јавно – правните субјекти основани од централната власт како и трговските друштва основани од Република Македонија кои искажуваат загуба во финансиските извештаи за претходната година притоа имајќи ги во предвид реалните потреби на наведените субјекти и економичното, ефикасното и ефективното искористување на работната сила.

11.5.3. Извршени се исплати на име надоместување на трошоците поврзани за работа/превоз до и од работа во вкупен износ од 26.658 илјади денари односно во поединечен износ по 1.840 денари, без притоа доследно да се почитуваат одредбите на Законот за работни односи и Колективниот договор. Акционерското друштво не превземало активности да ја утврди фактичката состојба кои вработени ги исполнуваат условите (над 2 километри) за добивање на наведениот надоместок и утврдување на надоместокот во висина на цената на билетот од јавниот градски сообраќај, при што од вкупниот (просечен) број на вработени 1.407 не примаат надоместок (во просек) само 48 вработени. Ревизијата констатира дека цената за организиран градски превоз изнесува 1.460 денари а додека надоместокот за сите линии изнесува 1.840 денари. Не превземањето на активности за утврдување на фактичката состојба кои вработени го остваруваат наведеното право и во кои износи (подеднакво за сите вработени се исплатува максималниот износ) има за ефект незаконско и ненаменско користење на средствата и неоправдано зголемување на бруто платата на вработените, започнувајќи од 01.01.2009 година, поради интегрирање на овој вид на надоместок во бруто платата.

**Препорака:**

Надлежните органи за управување со друштвото да ги превземат потребните активности за утврдување на фактичката состојба и утврдување/преиспитување на реалниот дел кој треба да биде интегриран по овој основ во бруто платата на вработените.

11.5.4. Акционерското друштво не превземало активности за воспоставување и користење на систем за електронско следење на полното/

прекувременото работно време кое ќе претставува основа за потврдување на искористените работни часови и правото на добивање на 30% на име “плата за рационално искористување на работното време“ што не е во согласност со Законот за работни односи. Пресметката и исплатата на платите се врши врз основа на акти (колективен договор, правилник за плати, правилник за внатрешна организација и систематизација) кои датираат од претходниот период на постоење на поранешното јавно претпријатие и кои не се усогласени со важечките законски и подзаконски акти. Покрај коефициент за рационално искористување на работното време, во пресметката на платите учествува и коефициент за квалитет на извршена работа во износ од 30% а имајќи ги во предвид условите во кои ги извршува работите Акционерското друштво, постои несигурност и можност од погрешно утврдување на соодветниот дел од платата по овој основ. На ревизијата не и е презентиран акт за утврдување на висината на процентот од 30% на име плата за квалитетно извршена работа. Ваквата состојба има за ефект несигурност во потврдувањето на исплатените средства на име плати и законското и наменското користење на средствата.

**Препорака:**

Надлежните органи за управување со акционерското друштво да превземат активности за набавка и ставање во функција на систем за електронско следење на полното/ прекувременото работно време.

## 11.6. Неправилности во ИТ системот, утврдени/идентификувани слабости

11.6.1. Со извршената ревизија на опслужувањето, раководењето и управувањето на ИТ системот (пристап, обработка и заштита на податоците) констатирани се следните состојби:

- не е обезбедено чување на податоците (back-up) од централизирана локација и на соодветно место со соодветна оддалеченост согласно стандардите за ИТ безбедност;
- не е обезбедена централизирана надградба на анти-вирусната заштита;
- не е пропишан и не е донесен стратешки план за развој на ИТ системот, изостануваат пишани процедури за безбедност, формализиран план за акција за спасување на клучните операции во вонредни околности (Disaster Recovery Plan “DRP”), како и “план за континуирано работење на информациониот систем” (Business continuous plan “BCP”), како и формална методологија за усовршување на постојаните и развој на нови системи.

Горенаведената состојба предизвикува последици по безбедноста на податоците коишто се запишани на соодветните медиуми.
Ревизијата истакнува дека акционерското друштво превзема активности за имплементација на нов ИТ централизиран систем со што ќе се создадат услови за надминување на утврдените слабости на системот.

**Препорака:**

Надлежниот орган за раководење и управување со акционерското друштво да превземе активности за: пропишување на процедури за ИТ безбедност, формализиран план за акција, стратешки план за развој на ИТ системот и централизирана надградба на анти-вирусна заштита.

11.7. **Ефекти од ревизијата**

Имајќи ги во предвид наодите изнесени во точките 11.2. и 11.3. истите предизвикуваат билансна неурамнотеженост на активата и пасивата во Билансот на состојба за износ од 6.329.557 илјади денари и неискажани пресметани камати 196.017 илјади денари.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 11.2. до 11.4. финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Акционерското друштво за Транспорт „Македонски железници А.Д.“ - Скопје под 31 Декември 2008 година, резултатите од работењето и паричните текови за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, освен изнесеното во точката 11.5. кај Акционерското друштво за Транспорт „Македонски железници А.Д.“ - Скопје е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции за 2008 година.

14. Обрнуваме внимание на подолу наведените состојби:

14.1. Акционерското друштво со финансиските извештаи за известувачкиот период 2007 и 2008 година искажува негативен финансиски резултат, притоа имајќи ја во предвид состојбата во која ја извршува дејноста друштвото и економската криза на меѓународно ниво кое има влијание врз деловните активности на акционерското друштво, надлежните органи за управување и раководење со друштвото потребно е да изготват извештај за состојбата во која се наоѓа друштвото, предложат мерки за надминување на состојбите и истите ги доставаат до ресорното министерство и Владата на Република Македонија за запознавање и одобрување на истите.

Скопје 17.08.2009 година **Овластен Државен Ревизор**

## БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2008 ГОДИНА

во 000 Ден.

| ОПИС | 2008 | 2007 |
|---|---|---|
| Приходи од продажба | 1,934,260 | 848,354 |
| Останати деловни приходи | 215,019 | 107,696 |
| **Вкупни приходи од оперативно работење** | **2,149,279** | **956,050** |
| Материјални трошоци | 1,369,157 | 638,317 |
| Трошоци за бруто плати | 461,479 | 171,562 |
| Амортизација и вредносно усогласување на долгорочни средства | 323,485 | 134,802 |
| Вредносно усогласување на на краткорочни средства | 51,173 | 31,479 |
| Останати оперативни трошоци | 342,449 | 60,230 |
| **Вкупно трошоци од оперативно работење** | **2,547,743** | **1,036,390** |
| Приходи од камати, курсни разлики и слични приходи | 25,185 | 16,760 |
| Приходи од учества на вложувања | 278 | - |
| Расходи по основ на камати, курсни разлики и слични расходи | 177,311 | 84,052 |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ОД РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ** | **(550,312)** | **(147,632)** |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | **(550,312)** | **(147,632)** |
| **НЕТО ДОБИВКА/ЗАГУБА** | **(550,312)** | **(147,632)** |

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | 31.12.2008 | 31.12.2007 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства и хартии од вредност | 56,867 | 76,275 |
| Побарувања по основ на продажба | 67,800 | 151,289 |
| Побарувања од поврзани субјекти | 14,795 | 10,076 |
| Краткорочни финансиски вложувања | 464 | 298 |
| Други краткорочни побарувања | 8,978 | 42,113 |
| Платени трошоци за идните периоди | - | 10,006 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 10,044 | 7,378 |
| Залихи | 365,625 | 366,815 |
| Аванси за нематеријални и материјални вложувања | 63,222 | 2,755 |
| **Вкупно тековни средства** | **587,795** | **667,005** |
| **Нетековни средства** | | |
| Нематеријални и материјални средства | 3,054,438 | 3,304,971 |
| Долгорочни финансиски вложувања | 11,274 | 6,380 |
| **Вкупно нетековни средства** | **3,065,712** | **3,311,351** |
| **Вкупна актива** | **3,653,507** | **3,978,356** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Обврски спрема добавувачите | 404,718 | 252,853 |
| Примени аванси, краткорочни депозити и кауции | 50,993 | 53,565 |
| Краткорочни обврски спрема поврзани субјекти | 2,015,502 | 3,232,070 |
| Краткорочни обврски од финансирање | 3,842,915 | 3,231,458 |
| Останати краткорочни обврски | 111,154 | 149,776 |
| Одложени плаќања на трошоци | 10,400 | 8,010 |
| **Вкупно тековни обврски** | 6,435,682 | 6,927,732 |
| **Нетековни обврски** | | |
| Долгорочни обврски | 1,129,909 | 410,376 |
| **Вкупно нетековни обврски** | 1,129,909 | 410,376 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | **7,565,591** | **7,338,108** |
| **Капитал и резерви** | | |
| Капитал | 484,350 | 486,371 |
| Ревалоризациона резерва | 2,782,061 | 2,782,061 |
| Резерви | 9,613 | 9,613 |
| Пренесена загуба | 308,239 | 6,097 |
| Загуба за финансиска година | 550,312 | 302,142 |
| **Вкупно капитал и резерви** | **2,417,473** | **2,969,806** |
| **Вкупна пасива** | **9,983,064** | **10,307,914** |

**П Р Е Г Л Е Д**
**ПРОМЕНИТЕ НА КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ ЗА 2008 ГОДИНА**

| О П И С | Капитал | Резерви | Ревалоризациона резерва | Непокриена загуба | Загуба од финансиската година | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2008 година** | **486,371** | **9,613** | **2,782,061** | **(6,097)** | **(302,142)** | **2,969,806** |
| Загуба за финансиска 2008 година | | | | | (550,312) | **(550,312)** |
| Останати неспомнати промени кои влијаат на капиталот и резервите | (2,021) | | | | - | **(2,021)** |
| **Состојба 31.12.2008 година** | **484,350** | **9,613** | **2,782,061** | **(6,097)** | **(852,454)** | **2,417,473** |

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК ЗА 2008 ГОДИНА**

| | во 000 Ден. |
|---|---|
| | **2008/2007** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ** | |
| **НЕТО ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | **(550,312)** |
| Трошоци кои не повлекуваат користење на обртни средства: | |
| Амортизација | 323,485 |
| Трошоци за камати | 146,214 |
| Вонредни трошоци-невообичаени | 249,097 |
| Расходи од отпис на побарувања и кусоци | 67,240 |
| Приходи од вишоци и поранешни години | (139,892) |
| Приход од дивиденда | (10,528) |
| Други приходи | (277) |
| **Готовински текови од работење** | **85,027** |
| Побарувања по основ на продажба | |
| Побарувања од купувачи и останати побарувања | (136,694) |
| Залихи | 246 |
| Примени аванси, депозити и кауции | 2,666 |
| Останати краткорочни обврски | 30,600 |
| Одложени плаќања на трошоци | 229 |
| **Нето готовински текови од оперативно работење** | **(17,926)** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ИНВЕСТИЦИОНО РАБОТЕЊЕ** | |
| Долгорочни финансиски вложувања | (1,483) |
| **Нето готовински текови од инвестиционо работење** | **(1,483)** |
| **НЕТО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА** | **(19,409)** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА ПОЧЕТОКОТ НА ГОДИНАТА** | **76,275** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА КРАЈОТ НА ГОДИНАТА** | **56,867** |